Република Северна Македонија

**Јавно претпријатие за државни патишта**

Бр. 11-604/2

Скопје, 20-01-2021 година

# ГОДИШЕН ПЛАН

## НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ЗА 2021 ГОДИНА

**СКОПЈЕ**


**Јавно претпријатие за државни патишта**
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

**Содржина**

I. ВОВЕД

II. ВРСКА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

2.2. Активности поврзани со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2021 ГОДИНА

3.1. Ревизии пренесени од претходната година

3.2. Поединечни ревизии во 2021 година

3.3. Други активности на внатрешната ревизија

IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

V. ЗАКЛУЧОК

## I. ВОВЕД

Годишниот план за 2020 година е изготвен врз основа на Стратешкиот план на внатрешната ревизија за периодот 2020 - 2022 година, донесен од страна на Јавното претпријатие за државни патишта.

Во него се содржани активностите на внатрешната ревизија во врска со остварувањето на целите на Одделението за внатрешна ревизија од Стратешкиот план за периодот 2020 - 2022 година и се одредени целите, методологијата, временскиот распоред и ресурсите кои се потребни за извршување на секоја поединечна ревизија за 2020 година.

Во случај на потреба, а поврзано со значителни промени кои може да се појават во работењето во текот на годината и кои влијаат на активностите на внатрешната ревизија, Годишниот план ќе се ажурира.

Раководителот на субјектот ја одобрува секоја промена на Годишниот план.

## II. ВРСКА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

### 2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

Поединечните ревизии планирани за 2021 година се усогласени со усвоениот Стратешки план за ревизија за периодот 2021 - 2023 година. Односот помеѓу задачите кои се планирани во стратешкиот и годишниот план прикажан е во следната табела:

***Табела 1: Врска на планираните ревизии во Стратешкиот и Годишниот план***

| Приоритетни области на ревизија во првата година на Стратешкиот план | Планирани ревизии во тековната година |
|---|---|
| Системска ревизија на ИПА | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на единицата поврзани со ИПА и мониторинг согласно со договорот во Единицата за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА |
| Ревизија на инвестициони проекти за градба | Ревизија на регуларност – реализација на проектот за градба. |
| Ревизија по барање на директорот во ЈПДП | |

## 2.2. Активности поврзани со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

Внатрешната ревизија ќе ги спроведе следните активности и поединечни ревизии со цел реализација на поставените цели, односно насоката на работа на внатрешната ревизија:

***Табела 2: Активности поврзани со остварувањето на целите на ЕВР***

| Бр. | Цел на внатрешната ревизија | Активности на внатрешната ревизија за остварување на целите | Планирање на поединечните ревизии |
|---|---|---|---|
| 1. | Зајакнување на системот на внатрешни контроли на органите и структурите во ЈПДП со ИПА фондовите и реализација. | Поединечна ревизија, Следење на спроведувањето на препораките | Ревизија на системот на внатрешни контроли и мониторинг на Единицата за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА |
| 2. | Зајакнување на системот и придонес во остварувањето на целосна регуларност. | Поединечна ревизија, Следење на спроведувањето на препораките | Ревизија на инвестициони проекти за градба – регуларност и внатрешни котроли. |
| 3. | Ревизија по барање на директорот | Поединечна ревизија, Следење на спроведувањето на препораките | |

## III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2021 ГОДИНА

### 3.1. Ревизии пренесени од претходната година

Од Годишниот план за 2020 година спроведени се сите планирани поединечни ревизии, односно нема ревизии кои треба да се пренесат во 2021 година.

### 3.2. Поединечни ревизии во 2020 година

Внатрешна ревизија во 2021 година ќе ги спроведе следните поединечни ревизии поради реализација на целите кои се дефинирани во Стратешкиот план за периодот 2021 - 2023 година:

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Ревизија на инвестициони проекти за градба |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)*: | Висок |
| Цел на ревизијата: | Да се даде разумно уверување за дизајнот, воспоставеноста и функционирањето на системот на внатрешни контроли / регуларноста на ревидираниот процес согласно со законтит. |
| Опфат на ревизијата: | |
| Организациони единици вклучени во ревизијата | Сектор за инвестиции |
| Ревизорски методи: | Преглед на документација, интервјуа, прашалници, листи за проверка, потврдување, повторна пресметка, тестирање, набљудување, аналитички постапки |
| Име на ревизијата: | Системска ревизија на ИПА |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)*: | Висок |
| Цел на ревизијата: | Да се даде разумно уверување за дизајнот, воспоставеноста и функционирањето на системот на внатрешни контроли и мониторинг |
| Опфат на ревизијата: | / |
| Организациони единици вклучени во ревизијата | Единицата за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА |
| Ревизорски методи: | Преглед на документација, интервјуа, прашалници, листи за проверка, потврдување, повторна пресметка, тестирање, набљудување, аналитички постапки |

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Ревизија по барање на директорот во ЈПДП |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)*: | |
| Цел на ревизијата: | |
| Опфат на ревизијата: | / |
| Организациони единици вклучени во ревизијата | |
| Ревизорски методи: | Преглед на документација, интервјуа, прашалници, листи за проверка, потврдување, повторна пресметка, тестирање, набљудување, аналитички постапки |

*Табела 3: Годишен план за ревизија – приказ по месеци*

| Име на ревизија | 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Системска ревизија на ИПА | X | X | X | X | | | | | | | | |
| Ревизија на инвестициони проекти за градба | | | | | X | X | X | X | | | | |
| Ревизија по барање на директорот во ЈПДП | | | | | | | | | X | X | X | X |

### 3.3. Други активности на внатрешната ревизија

Одделението за внатрешна ревизија освен спроведување на планираните внатрешни ревизии, во 2021 година ќе ги извршува и следните активности:

- изготвување на Годишен извештај за работата на Одделението за внатрешна ревизија;
- следење на реализацијата на препораките од ревизорските извештаи;
- известување до раководството на ЈПДП за состојбата со реализација на препораките;
- изготвување на Стратешки план за внатрешна ревизија за 2022 - 2024 година и Годишен план за внатрешна ревизија за 2022 година;
- учество на обуки;
- соработка со други организациони единици;
- административни задачи поврзани со работењето на Одделението;

## IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

При анализата на потребните кадровски ресурси за реализација на Годишниот план за 2021 година беа земени предвид целите кои треба да се остварат со планот, видот, предметот и бројот на планираните ревизии и други активности, како и

досегашното искуство на Одделението при планирање и реализација на плановите.

## V. ЗАКЛУЧОК

Годишниот план на Одделението за внатрешна ревизија за 2021 година е изготвен врз основа на целите и приоритетите утврдени со Стратешкиот план на Секторот за внатрешна ревизија за периодот 2021 - 2023 година.

Со Годишниот план се утврдени видот, предметот, целта, методологијата и временскиот распоред на поединечните ревизии, како и другите активности кои Одделението ќе ги спроведе во 2021 година.

Со спроведување на планираните ревизии Одделението ќе му обезбеди на раководството на ЈПДП разумно уверување за состојбата на системот на внатрешни контроли и регуларноста на работењето на ревидираните организациони единици или процеси.

Преку давањето на препораки, известувањето и другите активности на Одделението, ќе се овозможи надминување на слабостите или неправилностите при работењето, како и зголемување на ефикасноста на работењето на Јавно претпријатие за државни патишта.

РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
м-р ИЛИР ХОЏА

ДИРЕКТОР
Ejup Rustemi

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDERMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup